SAVA
PENZISKO

Сава пензиско друштво а.д. СКопје
Мајка Тереза 1
1000 Скопје
www.sava-penzisko.mk
телефон: 15-500

РЕПЛЕК АД Скопје

| Примено: 31.03.23 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 2097/2 | | |

Арх.бр.03-781/2
30.03.2023

До
РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ
Ул. Козле бр.188 Скопје

## Барање
## за вклучување на нова точка на Дневниот ред на Годишното собрание на акционери на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ, закажано на ден 26.04.2023 година

Почитувани,

**Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус**, со кои управува Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје, со седиште на ул. Мајка Тереза бр.1 Скопје, со ЕМБС 5989434, се акционери кои заедно поседуваат 1.783 обични акции со право на глас издадени од РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ, што претставува повеќе од 5% од вкупниот број на запишани акции со право на глас,.

Сава пензиско друштво а.д. Скопје кој управува со Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус, бара да се вклучи во Дневниот ред нова 15-та точка „ Предлог- Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ, односно покрај постојните точки од Дневниот ред бара вклучување на **нова точка на дневниот ред на Собрание на акционери на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ, закажано на ден 26.04.2023 година**, согласно член 390 став 4 од Законот за трговските друштва.

**Образложение:**

За новата 15-та (петнаесетта) точка од Дневниот ред, донесување Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ, Сава пензиско друштво а.д. Скопје кое управува со Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус предлага за независен член на Надзорен одбор да биде избран:

- Јана Алич Јужина од Љубљана, Р.Словенија, дипл.економист.

Во прилог на ова Барање за вклучување на нова точка на Дневниот ред, доставуваме предлог- Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ и податоци за кандидатот согласно член 344 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва.

Согласно член 390 став 9 од Законот за трговските друштва, бараме ова дополнување на Дневниот ред со горенаведената точка да биде објавен на начин како што е објавен јавниот повик за учество на редовната годишна седница на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ закажана за ден 26.04.2023 година.

Скопје, 30.03.2023 година

**Предлагач:**
Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје, во име и за сметка на Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус.

Коста Ивановски, CFA
Член на Управен одбор

Д-р Петар Талески, FRM
Претседател на
Управен одбор

**Во прилог** : Предлог- Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ
Податоци за кандидатот согласно член 344 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва